Врховен суд

на Република Северна Македонија

# П Р О Г Р А М А   З А   Р А Б О Т А

## на Врховниот суд на Република Северна Македонија

## за 2024 година

# Содржина

**Вовед**.....3

**Програмски задачи**.....4

- Судска управа.....6

- Надлежности и внатрешна организација.....6

- Ефикасно постапување и одлучување по предметите.....8

- Применување на внатрешните процедури.....8

**Судски оддели** .....9

- Оддел за казниви дела.....9

- Оддел за граѓански дела.....9

- Оддел за судење во разумен рок.....10

- Оддел за судска практика.....11

- Специјализирани совети.....12

**Човечки ресурси** .....12

**Транспарентност и односи со јавност** .....13

- Совет за отворено судство.....14

- Соработка со граѓанскиот сектор и со медиумите.....14

**Континуирана едукација** .....15

**Информатички систем и дигитализација** .....15

**Финансиско работење** .....16

**Канцелариско и архивско работење** .....16

**Меѓународна и институционална соработка** .....17

**Интегритет** .....17

**Програмски цели и заложби** .....18

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 5 од Законот за судовите, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 29.02.2024 година, донесе:

**П р о г р а м а з а р а б о т а**

**на Врховниот суд на Република Северна Македонија**

**за 2024 година**

Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите.

Врховниот суд на Република Северна Македонија своите надлежности ги остварува согласно Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, Судскиот деловник, Деловникот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија и другите подзаконски акти.

Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница:

- утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија;
- дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење за работата на судовите,
- разгледува прашања во врска со работата на судовите, примената на законите и судската практика;
- донесува деловник за својата работа;
- донесува програма за работа на судот;

- поднесува предлог до Судскиот совет на Република Македонија за времено упатување на судија во друг суд;

- донесува кодекс на судиска етика за судиите и судиите поротници, на предлог на здружението на судии,

- може да поднесе барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд;

- поднесува иницијатива за поведување на постапка пред Судскиот совет на Република Македонија за утврдување на трајно загубена способност за вршење судиска функција;

- именува членови на Советот за одлучување по жалба против одлука донесена од Судскиот совет на Република Македонија, согласно со закон;

- решава по барања за заштита на законитоста против одлуките на своите совети;

- одлучува по барање за изземање на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија;

- го разгледува извештајот за својата работа и извештаите за работата на судовите во Република Македонија од аспект на ажурноста и квалитетот на работата, донесува заклучоци по нив одговорен е да го следи нивното спроведување и

- врши и други работи утврдени со закон.

## 1) Програмски задачи

Согласно член 37 став 3 од Законот за судовите со програмата за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година се дефинираат работните задачи, заложби цели од делокругот на работењето на Врховниот суд на Република Северна Македонија со цел да се обезбеди:

- Непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките;

- Заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи;

- Обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по било кој основ;

- Навремено решавање на предметите во надлежност на Судот;
- Обезбедување правна сигурност преку воедначување на судската пракса врз основа на владеењето на правото;
- Остварување на принципите за судење во разумен рок и обезбедување услови за побрз пристап до правдата;
- Транспарентност и јавност во работењето на Судот, со цел да се обезбеди навремена информираност на странките и јавноста за одлуките на Судот;
- Доследно спроведување на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот; материјалните и процесните закони и подзаконските акти, Законот за судовите, Законот за судска служба, Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија;
- Усогласување на судската пракса и обезбедување на еднаквост во примената на законите од страна на судовите;
- Почитување на конечните и извршните одлуки на Европскиот суд за човекови права и другите меѓународни договори ратификувани во согласност со закон.

Врховниот суд на Република Северна Македонија своите одлуки ги заснова врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија во примената на правото ги заштитуваат човековите слободи и права, согласно член 2, став 2 од Законот за судовите.

Во последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија, работата на Врховниот суд на РСМ повторно е позитивно оценета. Активностите на Врховниот суд позитивно се оценети и во Извештајот на Стејт департментот и во релевантните домашни и меѓународни извештаи.

Во 2024 година, Врховниот суд ќе продолжи со активностите кои се во согласност со Извештајот на Европската комисија, а кои Извештајот ги оценува како позитивни заложби и мерки.

Во оваа смисла, нотираните активности на Врховниот суд даваат клучен придонес за владеењето на правото, што е главен предуслов за независноста на судството, интегритетот на судиите, остварувањето на човековите права, унапредувањето на правосудниот систем и борбата против корупцијата.

За остварување на оваа цел и врз основа на Програмата за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија (01.01.2024 – 31.12.2024 година), Врховниот суд ќе продолжи со унапредувањето на судската практика, конзистентноста на одлуките, утврдувањето на начелните ставови, правните

мислења и заклучоци, преземањето активности за поголема инклузивност, унапредувањето на транспарентноста, зајакнувањето на статусот на судиите и нивниот интегритет и континуирано постапување во согласност со стратешките документи за реформи во правосудниот сектор и за борбата против корупцијата.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судиите и вработените во Судот должни се да обезбедат реализација на утврдената Програма за означениот период.

## 1) Судска управа

Претседателот на Судот ќе раководи и управува со Судот, ќе ги врши работите од делокругот од судската управа и ќе ја организира работата на Судот.

Претседателот на Судот ќе го претставува Судот и ќе презема мерки за навремено и уредно вршење на работите, ќе ја обезбедува примената на Судскиот деловник, ќе го утврдува Распоредот за работа во Судот, ќе постапува по претставките и поплаките на странките и другите органи, по барањата за приоритетно решавање на предметите, по барањата за изземање поднесени од судиите и странките и ќе презема други дејствија за кој е надлежен согласно Закон, Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

За обезбедување на навремено, ефикасно и уредно вршење на работите од судската управа, во согласност со Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Претседателот на Судот може да ги довери работните задачи на неговиот заменик или друг судија, судија претседател на Оддел, на судскиот администратор или друг судски службеник, а по потреба ќе организира и сопствен тим за работа во кабинетот. Во случај на спреченост или отсуство Претседателот на Судот ќе го заменува заменикот на претседателот на Судот.

Претседателот на Судот редовно свикува Седница на судии заради разгледување на реализирањето на програмата за работа на Судот и разгледување, анализа и преземање на мерки по извештаите за работата на Судот, усогласувањето на работата на Одделите, давање мислења од надлежност на Седницата на судии и за други прашања од работата на Судот.

## 2) Надлежности и внатрешна организација

Врз основа на своите уставни и законски надлежности Врховниот суд на Република Северна Македонија:

- решава во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон;

- решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови;

- решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон;

- решава за судир на надлежност меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови, судир на надлежност меѓу апелациони судови, судир на надлежност меѓу Управниот суд и друг суд, судир на надлежност меѓу Вишиот управен суд и друг суд и решава за пренесување на месна надлежност кај овие судови;

- одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Северна Македонија во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права и

- врши други работи определени со закон.

Својата уставна и законска надлежност за воедначување на судската пракса и обезбедување на единство во примена на законите од страна на судовите, Врховниот суд на Република Северна Македонија ја врши преку утврдување начелни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци донесени на:

- Општа седница

- Седница на судии и

- Седница на оддел.

Согласно член 66 став 1 и 2 од Судскиот деловник, во реализацијата на стварната надлежност на Врховниот суд на Република Северна Македонија, според видот на предметите и обемот на работа, Судот ќе ја извршува во рамките на:

- Оддел за казниви дела

- Оддел за граѓански дела

- Оддел за судење во разумен рок и

- Специјализирани совети.

Начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на општа седница се задолжителни за сите совети на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Утврдените начелни ставови и правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите Врховниот суд задолжително ги објавува на веб страницата на Судот.

## 3) Ефикасно постапување и одлучување по предметите

Основна цел при постапување по предметите е да се обезбеди ефикасно, ажурно професионално, стручно, непристрасно, навремено и законито постапување по предметите со почитување на законските рокови и роковите за судењето во разумен рок, согласно одредбите од Судскиот деловник, Законот за управување со движење на предметите во судовите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија и внатрешните процедури на Судот, во секоја фаза од постапката.

Заведувањето, распределбата, постапувањето, одлучувањето, објавувањето, изготвување на одлуките, доставување на одлуките, анонимизација на одлуките на веб страната на Судот, ќе се врши целосна и исклучива примена на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС).

Заведувањето на предметите ќе се врши според времето на приемот, а распределбата на предметите по судии ќе се врши со автоматска распределба во АКМИС. Автоматска прераспределба на предмети ќе се врши само во ситуации предвидени со Судскиот деловник и согласно Годишниот распоред за работа на Судот, но и во тие случаи прераспределбата на предмети ќе се врши исклучиво со образложена одлука од страна на Претседателот на Судот преку соодветен модул во АКМИС, со цел да се обезбеди заштита на начелото на автоматска распределба и вклучување на човечки фактор при доделување на предметите во работа на судиите.

Судиите се должни да дадат приоритет во решавање на предметите кои со Закон е определено дека се итни и по кои е даден приоритет од страна на Претседателот на Судот, особено за предметите кои се од висок јавен интерес и за кои е утврдена практика и процедура за ажурно постапување по истите.

## 4) Применување на внатрешните процедури

Примената на внатрешните процедури за работата во Врховниот суд на Република Северна Македонија има клучно значење за ефикасноста, ажурноста, законитоста и транспарентноста во работењето на судот.

Внатрешните процедури донесени од Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија се однесуваат на целокупното работење на судот, односно за работата на Кабинетот на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Општата седница, работата на судските оддели, судските

писарници, како и за одделни процеси при управувањето со движењето на предметите во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Внатрешните процедури, исто така, се однесуваат и на постапувањето и одлучувањето по предметите од висок јавен интерес и во оваа смисла почитувањето и применувањето на внатрешните процедури дава исклучителен придонес од аспект на ефикасноста и угледот на судот и остварувањето на целите на судската власт, согласно Законот за судовите.

## 5) Судски оддели

### 5.1 Оддел за казниви дела

Одделот за казниви дела ќе се состанува и ќе одржува редовни седници, на кои судиите и судските советници во Одделот задолжително присуствуваат на седницата и учествуваат во дискусијата по прашања поставени во дневниот ред на седницата.

Одделот ќе расправа по правни прашања и утврдување правни мислења и заклучоци заради обезбедување единствено во примената на законите и воедначување на судската практика. Воедно, ќе расправа по изготвените сентенци во врска со правните сфаќања изразени во конкретни одлуки.

Одделот ќе обезбедува конзистентност на одлуките, согласно веќе создадената судска практика по одделни предмети.

Заради подобрување на квалитетот на одлуките, Одделот ќе продолжи да расправа за структурата на образложението на одлуките, при што акцентот ќе биде ставен на аргументацијата на причините за донесените одлуки, јасно изразени правни ставови, како и доследно користење на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права и Европската конвенција за човекови права.

Одделот за казниви ќе организира заеднички состаноци со апелационите судови, на кои ќе се разгледуваат прашања за проблемите кои се јавуваат во работењето, судењето, следењето и воедначувањето на судската практика, одолговлекувањето на постапката по одделни предмети и други прашања од интерес за работата на судовите во Република Северна Македонија;

На Претседателот на судот ќе му се предлагаат конкретни мерки за решавања на прашања од субјективна или објективна природа од значење за нормално функционирање на Одделот.

### 5.2 Оддел за граѓански дела

Одделот за граѓански дела ќе продолжи со континуираниот процес на унапредување и конзистентност на судската практика, исполнувајќи ги целите на воедначувањето на судската практика како една од најзначајните функции на Врховниот Суд. Во таа насока, Одделот за граѓански дела ќе расправа по правни прашања и ќе утврдува правни мислења и заклучоци, ќе изготвува сентенци кои ќе се објавуваат на веб страницата на Судот.

Одделот за граѓански дела ќе ги усвојува изготвените сентенци по правни сфаќања изразени во конкретни судски одлуки, истовремено расправајќи за воедначување и зајакнување на структурата на одлуките, со посебно внимание на изнесената аргументација.

Одделот за граѓански дела ќе иницира советувања, семинари и средби со претставници од други судови, правосудни институции и други релевантни субјекти со цел примена на законите и унапредување на судската практика.

Одделот за граѓански дела ќе продолжи ефикасно и ажурно да постапува, во смисла на брзо и ефикасно решавање на пристигнатите предмети. Заложбите на Одделот за граѓански дела е унапредување на состојбата со човековите ресурси како прашање од голема важност за функционирање на Одделот и на судот.

Одделот за граѓански дела, заедно со Одделот за судска практика ќе свикуваат и ќе одржуваат состаноци со претставници на апелационите судови, на кои ќе се разгледуваат проблемите во судењето, следењето и воедначувањето на судската практика и причините за одолговлекување на постапката по одделни предмети.

Одделот ќе посвети особено внимание на новите законски измени кои се однесуваат на судството, на начин што ќе го антиципира стапувањето во сила и примената на таквите законски измени и ќе предложи соодветни обуки со едукативна цел кои ќе дадат значаен придонес во практичното применување и постапување.

Во текот на своето работење, Одделот ќе анализира и утврдува одделни прашања кои влијаат врз редовното функционирање на судот како целина и ќе предлага мерки за надминување на проблемите и подобрување на состојбата.

### 5.3. Оддел за судење во разумен рок

Одделот за судење во разумен рок континуирано го следи предметното работење во Одделот, ќе предлага конкретни мерки за решавање на прашања од субјективна или објективна природа од значење за нормално функционирање на

Одделот, ќе расправа по определени правни прашања и утврдува правни мислења и заклучоци заради обезбедување единство во примената на законите и воедначување на судската практика.

Одделот за судење во разумен рок ќе ги усвојува изготвените сентенци по правни сфаќања изразени во конкретни одлуки, ќе обезбедува конзистентност на одлуките во Одделот.

Заради подобрување на квалитетот на одлуките, Одделот за судење во разумен рок ќе ги реафирмира заклучоците донесени на Одделот, расправа за усогласување на структурата на образложението на одлуките, со ставање акцент на истакнување на убедлива аргументација за причините на донесените одлуки и јасно изразени правни ставови.

Одделот за судење во разумен рок ќе организира заеднички состаноци со Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП на кои ќе ги разгледува прашањата околу следењето и воедначувањето на судската практика, одолговлекувањето на постапката по одделни предмети и други прашања од интерес за работата на судовите во Република Македонија и ќе ја унапредува соработката со релевантни меѓународни институции односно ЕСЧП во однос на судската практика за судење во разумен рок.

### 5.4. Оддел за судска практика

Одделот за судска практика ја усогласува работата на Одделите и Општата седница во извршување на задачите кои се однесуваат на евиденција и проучување на судската практика согласно член 72 од Судскиот деловник.

Воедначување на судската пракса како една од најзначајните функции на Врховниот суд на Република Северна Македонија и во оваа смисла Одделот за судска практика ќе промовира проактивен пристап со другите оддели и ќе продолжи со активен пристап во делот на унифицирање на судската практика.

Во насока на исполнување на основната цел на Одделот за судска практика за следење и проучување на судската практика, особено значајно е интензивирање на меѓусебната соработка на одделите и стимулирање на соработката со пониските судови преку средби со апелационите судови за разгледување на одредени правни прашања во насока на воедначување на примената на законите од страна на судовите.

Одделот за судска практика продолжува и со следење на праксата на Европскиот суд за човекови права и ќе изготвува Билтен на судска практика и Збирка на судски одлуки кои ги издава Врховниот суд на Република Северна Македонија.

### 5.5 Специјализирани совети

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно Годишниот распоред за работа на судовите формиран е Специјализиран совет за одлучување по жалби против одлуки на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие и Специјализиран совет кој одлучува по жалби на кандидат кој не е избран за судија односно претседател на суд согласно член 49, став 5 од Законот за судскиот совет, по жалба против одлука на Судскиот совет за повторно оценување на судија, односно претседател на суд согласно член 96 став 5 од Законот за Судскиот совет и по барање за повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур согласно член 73 став 8 став 11 од Законот за судскиот совет.

## 6) Човечки ресурси

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, утврдено е судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија да ја извршуваат 28 судии. Меѓутоа, во судот судиската функција ја извршуваат 15 судии, од кои на еден судија, по негово барање, му е утврдено мирување на судиската функција во период од 31.12.2021 година до 31.01.2026 година. Во моментот судиската функција во судот ја извршуваат 14 судии, вклучувајќи го и претседателот на Судот.

Ако се има предвид и претходниот период со судиските работни места кои се упразнети по разни основи, како и судиски работни места кои никогаш не биле пополнети, сегашниот број на судии во судот воопшто не ги задоволува потребите.

Со оглед на уставната положба на Врховниот суд на Република Северна Македонија, неговите надлежности, работа на Општа седница, работа во четири оддели (Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска практика), се преземаат континуирани активности за избор на нови судии во Врховниот суд, што е една од клучните заложби на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Исто така, Врховниот суд на Република Северна Македонија, како највисок суд во државата, треба да биде во целост кадровски екипиран со квалитетен стручен кадар, во кој најмногу треба да бидат застапени судски службеници од категорија Б-самостојни судски советници со долгогодишно работно искуство во согласност со законските критериуми и поседување на соодветна стручност и знаење.

Исто така, работата на судската управа е исклучително важен сегмент за ефикасно и навремено работење на Врховниот суд на Република Северна

Македонија, што ја наметнува потребата од зајакнување на капацитетите на судската управа од аспект на човечките ресурси.

Воедно, зајакнување на капацитетите се потребни и во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија како и во судските писарници. Од исклучително значење за Врховниот суд е и доекипирање на судската администрација со судски службеници/судски советници, со судски службеници/виши судски референти, советник за јавни набавки, советници-информатичари, како и судски преведувачи.

Зајакнувањето на капацитетите на Врховниот суд на Република Северна Македонија во континуитет е една од основните заложби и програмски цели во смисла на јакнење на институционалниот потенцијал во согласност со начелата на ефикасност и обезбедување квалитет на правдата.

## 7) Транспарентност и односи со јавност

Врховниот суд на Република Северна Македонија особено се залага за навремено известување на јавноста за судските постапки за кои е евидентен јавниот интерес и присуството на медиумите.

Преку отвореност, транспарентност и навремено давање на точни и релевантни информации за Судот во Одделни постапки може да се заштити и зачува угледот на Судот и да се зголеми довербата на јавноста кон Судот.

Од друга страна, правилното и навремено информирање на јавноста ќе спречи објавување на неточни информации од страна на медиумите, што може да има штетно влијание како за Судот, така и за странките и нивниот интерес.

За обезбедување на оваа програмска задача во Судот редовно ќе се објавуваат известувања и соопштенија на веб страницата на Судот, а преку Канцеларијата за односи со јавност ќе се овозможи пристап на заинтересираната јавност за актуелните информации и постапки кои се водат во Судот.

На веб страницата на Судот редовно, согласно Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, ќе се објавуваат соопштенија во врска со работата на Општата седница и судските оддели, усвоените начелни ставови и начелни правни мислења, заклучоци и сите други информации поврзани со работата на Општата седница и Седниците на Одделите.

Донесените одлуки се анонимизираат согласно Законот за управување со движење на предметите во судовите и истите ќе се објавуваат на веб страницата на Судот, со што се овозможува пристап на јавноста до работата на Судот.

### 7.1 Совет за отворено судство

Основниот постулат на работата на Советот за отворено судство е унапредување на отвореноста на судовите и правосудните институции како значаен придонес за отчетноста и ефикасноста во правосудството.

Декларацијата за Отворено судство, донесена од Советот за отворено судство, како дел од програмата Партнерство за отворена власт претставува заложба која има за цел да придонесе кон зголемено граѓанско учество и зголемен пристап од страна на граѓаните во однос на работата на судството во Република Северна Македонија.

Врз основа на овие заложби, Советот за отворено судство презеде активности кои се однесуваат на подготовка на новиот акциски план за отворено судство, подготовка на Комуникациска стратегија и активности посветени на унапредување на веб-страниците на судовите.

Советот за отворено судство го усвои новиот Акциски план за 2024 – 2026 година. Во рамки на своите активности Советот за отворено судство работи на подготовка на Предлог-Комуникациската стратегија чие усвојување од страна на Советот ќе биде спроведено во месец февруари 2024 година. За Комуникациската стратегија се подготвува и детален Акциски план со конкретни активности за спроведување на обврските кои произлегуваат од Стратегијата.

### 7.2. Соработка со граѓанскиот сектор и медиумите

Канцеларијата за односи со јавност во континуитет презема активности за унапредување на транспарентноста во согласност со активностите на Советот за отворено судство и заложбите утврдени во Декларацијата за отворено судство.

Во таа насока, продолжува интензивната соработка на Врховниот суд на Република Северна Македонија со граѓанските организации кои се составен дел на Советот за отворено судство и со граѓанските организации чија заложба е доследно почитување на принципот на владеење на правото, унапреден правосуден систем, независност на судството и почитување на човековите права.

Канцеларијата за односи со јавност редовно ќе комуницира и соработува со претставниците на медиумите и граѓанските организации кои ја следат работата на правосудството, како и со пошироката граѓанска јавност.

Врховниот суд на Република Северна Македонија особено ќе соработува со Судско-медиумскиот совет, во рамки на континуираната соработка и заедничките

цели за унапредување на транспарентноста на судството и соработката помеѓу судската фела и медиумската заедница.

## 8) Континуирана едукација и стручно оспособување

Врховниот суд на Република Северна Македонија обезбедува стручно усовршување на судиите, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот. Континуираната едукација и стручното оспособување преставува една од клучните заложби на Врховниот суд во смисла на едукативна надградба на судскиот кадар.

Континуираната едукација и стручното усовршување се остварува преку обуки, семинари, конференции и едукативни настани, како и преку пристап до едукативна литература во библиотеката на судот.

Судската библиотека е обезбедена со потребен број на примероци од закони, прописи, коментари, како и стручна литература. Библиотеката постојано ќе се дополнува со нови изданија и стручна литература како важен едукативен придонес во теоретската подготовка и практичната примена во работењето.

## 9) Информатички систем и дигитализација

Врховниот суд на Република Северна Македонија се заложува и презема активности за унапреден информатички систем и дигитализација и доследна примена на Правилникот за начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите во Република Северна Македонија.

Центарот за информатичка технологија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е надлежен за техничкото управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, судскиот портал и базите на податоци што произлегуваат од работата на судовите.

Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, односно службите, организира информатичка поддршка на работата на судот, се грижи за информатичката инфраструктура, апликациите и базите на податоци што ги води и користи судот, ги следи и имплементира новите технолошки процеси, се грижи за заштитата и сигурноста на податоците и целиот систем, системски ги архивира и на соодветен начин ги чува податоците, ги обучува судиите и вработените во судската служба во судот и им дава стручна помош на пониските судови.

Хардверско-софтверската опрема од областа на ИКТ обезбедува непречено функционирање на Врховниот суд на Република Северна Македонија, судовите и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во континуитет презема активности за обезбедување на кадровски, технички и организациони услови за функционирање на информатичката технологија на судот.

## 10) Финансиско работење

Во рамките на одобрениот буџет од страна на Судскиот буџетски совет за тековната година, ќе се обезбеди навремено спроведување на постапките за јавни набавки во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и со економично и соодветно менаџирање со финансиските средства.

Во 2024 година ќе продолжат активностите и постапките за подобрување на условите за работата во Судот како еден од важните фактори за остварувањето на непречена функционалност на Судот.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе продолжи со своите заложби за обезбедување на законски утврдените средства за судството. Обезбедувањето на законски утврдените средства за работата на судството претставува еден од клучните фактори за независноста на судската власт и гаранција за законската, функционалната и финансиската независност на судството.

## 11) Канцелариско и архивско работење

Врховниот суд на Република Северна Македонија во врска со архивирањето на предметите и документацијата постапува согласно одредбите од Судскиот деловник, Законот за архивски материјал и прописите за канцелариско и архивско работење.

За таа цел, Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе продолжи со активностите за доследна примена на законските обврски кои подразбираат одбирање на архивскиот од документарниот материјал, средување на архивскиот и документарниот материјал, евидентирање (попис и опис) на архивскиот материјал, категоризација на архивскиот материјал, попишување на документарниот материјал на кого му изминал рокот за чување, уништување на предложениот документарен материјал, сместување, чување, заштита, обезбедување и користење на архивскиот и документарниот материјал во соодветен простор, стандардна опрема, техничко-

технолошки средства и предавање на архивскиот материјал на трајно чување во Државниот архив.

## 12) Меѓународна и институционална соработка

Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе продолжи да ја унапредува соработката на меѓународен план, особено во поглед на регионалните заложби за независно и отворено судство, постапувањето по препораките на Европската Унија и на релевантните меѓународни чинители кои континуирано даваат поддршка на домашното судство, како и во поглед на унапредувањето на судската практика од аспект на практиката на Европскиот суд за човековите права.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе има интензивна институционална соработка со правосудните институции за прашањата кои се однесуваат на работата на судството, со посебен фокус на судската независност и транспарентност, остварувањето на поставените цели во новата Развојна секторска стратегија за правосудството 2024-2028 година и комплементарните активности со Судскиот совет на Република северна Македонија во врска со препораките на Европската комисија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе продолжи со учеството и организацијата на тркалезни маси и меѓународни и регионални конференции посветени на интегритетот, ефикасноста и транспарентноста на судството.

## 13) Интегритет

Врховниот суд на Република Северна Македонија во своето работење, постапување и одлучување го применува Кодексот за етика на судиите, донесен од Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија и етичките стандарди утврдени во меѓународните документи за независност на судството.

Според принципите во Кодексот за етика на судиите, независноста на судството е предуслов за владеењето на правото и претставува основна гаранција за правично судење.

Непристрасноста е од суштествено значење за соодветно извршување на судиската функција. Интегритетот е атрибут на чесност и праведност. Пристојноста и соодветното - културно однесување на судијата се од суштинско значење за вршењето на сите активности на судиската функција.

Обезбедувањето еднаквост во постапката за сите пред судовите е од суштинско значење за соодветното вршење на судиската функција. Стручноста и

совесноста се предуслови за соодветното извршување на судиската функција. Секое прекршување на принципите од Кодексот ќе се смета за прекршување на овој Кодекс.

Секој судија е должен да ги препознае и да се заштити од случаите што се подведуваат под судир на интереси и корупција.

Врз основа на своите законски и уставни надлежности и врз основа на Годишната програма за работа на Врховниот суд на Република Северна, Врховниот суд континуирано ќе постапува во согласност со стратешките документи за реформи во правосудниот сектор и за борбата против корупцијата, како и во согласност со политиката за интегритет на Врховниот суд на Република Северна Македонија и планот со активности за борба против корупцијата.

## 14) Програмски цели и заложби

За успешно спроведување на оваа програма неопходна е проактивност и ангажираност на судиите и сите вработени во Судот, со цел да се постигнат утврдените програмски цели и поставените задачи.

Основна програмска цел на Врховниот суд на Република Северна Македонија е ефикасно, ажурно и транспарентно постапување и одлучување во согласност со уставните и законските надлежности.

За остварување на оваа цел, Судот ќе продолжи со остварувањето на своите надлежности во согласност со реформските процеси и со укажувањата и препораките во Извештајот на Европската Унија.

Во оваа насока, Судот ќе продолжи со унапредувањето на судската практика; конзистентноста на одлуките; утврдувањето на начелните ставови, правни мислења и заклучоци; преземањето активности за поголема инклузивност, унапредувањето на транспарентноста; зајакнувањето на статусот на судиите и нивниот интегритет; статусот на судската служба и континуирано постапување во согласност со стратешките документи за реформи во правосудниот сектор и за борбата против корупцијата.

Една од основните програмски цели е и зајакнување на позицијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија во согласност со стратешките насоки и врз основа на принципот на независност на судството.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе продолжи со активностите за продлабочена соработка со сите чинители од правосудниот сектор, а со цел генерално унапредување на состојбата во судството и зајакнување на улогата и положбата на Врховниот суд во согласност со уставните определби.

Во оваа смисла, Врховниот суд ќе продолжи интензивно и континуирано да презема активности за комплетирањето на целосниот број на судии, зголемувањето на бројот на судските службеници, унапредување на компјутерскиот систем и ефикасноста на Работно тело за стандардизација, континуираните напори за транспарентното работење во согласност со начелата за отворено судство, учество во подготовката на законски решенија и стратешки документи кои се однесуваат на правосудството и продолжување на меѓународна и регионална соработка.

Програмата за работа на Судот за 2024 година ќе се започне да се применува од денот на нејзиното донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KRYETARJA E GJYKATËS SUPREME TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Besa Ademi**